# З А П И С Н И К бр. 47

Од одржаната 47-ма  седница на Советот на Општина Зрновци на ден 18.02.2020 година со почеток во 13:00 часот.На седницата беа присутни 9(девет) советници.  Седницата ја отвори претседателот на советот Владо Ристов и го предложи следниот

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

**1.**Предлог-Проект во однос на грантот од 12.000 франци за имплементација на ИЦТАлатката.

**2.**Одлука за повлекување на Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад (донесена на 46-тата седница) .

**3.**Разно

**Т Е К  Н А  С Е Д Н И Ц А**

**1.** Предлог-Проект во однос на грантот од 12.000 франци за имплементација на ИЦТАлатката.

За збор се јави Градоначалникот Блаже Станков и образложи дека идејата за инсталирање на опрема за снимање и пренесување на седниците на Совет со професионална опрема не е толку едноставна за да се реализира од причини што реализацијата на оваа идеја бара додатни средства кои во моментот општината не е во можност да ги обезбеди .Доколку се одлучи да се реализира оваа идеа потребно е да се направи нова Веб страна на општината која е скапа за изготвување и одржување , дополнително ке се јави потреба од вработување на ново лице кое ке оперира со оваа техника кое исто така ке биде оптеретување и на така скромниот буџет .Градоначалникот образложи дека доколку се набави Видеобим со засебен совтвер и нивно инсталирање исто така ке може да се пуштат снимки од седниците на совет,ке може да се објавуваат и сите други информации од јавен карактер кои се случуваат во работењето на Општина Зрновци.Со инсталирањето на овој Видеобим ке има можност и за рекламирање на правни субјекти за кое рекламирање ке се плака одреден надомест со кој ке се одржува и надоградува овој проект .Градоначалникот образложи дека ја подржува идејата за аудио и видео пренесување на седниците на совет како и тој би имал прилика да ги запознае граганите за сите проблеми и опструкции во работењето на општината .Градоначалникот потенцира дека на општината од буџетот и се бесправно одземени два милиони денари што додатно го отежнува нормалното функционирање на општината.Градоначалникот ги повика советниците каква и да донесат одлука за него е прифатлива и ке биде штета ако не се реализираат овој грант.

За збор се јави Маја  Илиева и праша дали ке се наплака на правните лица кои ке сакат своите фирми да ги рекламираат преку овој Видеобим.

Градоначалникот образложи дека секако ке се плакат одредени средства за рекламирање во зависност од одстапениот простор за рекламирање.

За збор се јави Јохан Горгиев и предложи да се купи помал Видеобим а со остатокот од средствата да се купи аудио и видео опрема за снимање на седниците на совет и аудио опрема за озвучување на домот на културата во Зрновци.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

За збор се јави Тоше Андонов го подржа предлогот на Јохан Горгиев да се купи Видеобим со помали димензии а со остатокот од средствата да се набави останатата аудио и видео опрема .

Градоначалникот кажа дека право на советниците е да донесат одлука за кој предлог ке се одлучат .

За збор се јави Дивна Веселинова и предложи да се купи и инсталира Видеобим со придружен софтвер .

Бидејки никој повеке не се јави за збор предлогот на Дивна Веселинова беше ставен на гласање и истиот со пет гласа ЗА беше усвоен .

**2.**Одлука за повлекување на одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад (донесена на 46-тата седница)
За збор се јави претседателот на совет Владо Ристов и ја образложи оваа точка.
Бидејки никој друг не се јави за збор со пет гласа ЗА истата беше усвоена .
3.Разно
Бидејки никој не се јави за збор Дневниот ред за оваа седница беше исцрпен и истата заврши во 14,15 часот .

Записничар
Кристиан Савев

Претседател на Совет
Владо Ристов

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)